РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 3447/2
26 -07- 2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на првото продолжение на 50-та седница, одржана на ден 22 јули 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 –3447/1 од 06.10.2020 година СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09 –3447/1 од 06.10.2020 година, бидејќи по наводите од пријавата е постапено по предмет 09-4870/1 од 17.10.2019.

Предметот со број 09 –3447/1 од 06.10.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09 –3447/1 од 06.10.2020 година е оформен врз основа на пријава од --------, виш конзерватор за мозаик, вработен во НУ -------------. Во пријавата има наводи дека лицето --------- кое е именувано за ВД Директор во -------------- има судир на интереси, заради тоа што нејзиниот сопруг истовремено е претседател на синдикална организација во истата институција. Понатаму лицето ---------- археолог кустос е претседател на синдикалната организација во СКРМ, а во исто време е член на управниот одбор при НУ --------------.

По однос на слични наводи, Државната комисија постапуваше по предмет со број 09-4870/1 од 17.10.2019 година, за кој е донесена конечна одлука.

Во постапување по конкретниот предмет е констатирано дека лицето ------------ е вработена во -----------, во редовен работен однос на неопределено време од 17.07.2008 година. На ден 17.07.2019 година со Решение донесено од министерот на култура е именувана В.Д. Директор на оваа установа.

По обезбедување на финансиски средства од страна на Министерството за финансии, Министерството за култура на ден 27.12.2019 година во три дневни весници распишал Јавен оглас за избор на директор на ---------------.

Јавниот оглас е спроведен согласно член 29 став 1 и 2 и член 30 став 1 и 2 од Законот за култура.

На ден 15.01.2020 година е формирана Комисија за селекција на кандидати за избор на директор на ----------------, која на 22.01.2020 година до Министерот за култура доставила извештај од спроведената постапка по објавениот јавен оглас.

Во извештајот стои дека во законски предвиден рок е пристигната една пријава и тоа од лицето ----------, која според комисијата ги исполнила сите услови од огласот и била предложена да биде избрана за директор.

На ден 24.01.2020 година Министерот за култура донел решение за престанок на вршење на должноста вршител на должноста директор на ова институција.

Од горе изнесеното Државната комисија утврди дека: Постапката за избор на директор на -------------- е спроведена во согласност со Законот за култура. Понатаму сопругот на Директорката веќе бил претседател на Синдикалната организација при оваа Национална установа пред нејзиниот избор за директор. Во согласност со член 78-ѓ од Законот за култура доколку има синдикална организација во јавната установа од областа на културата, во случај на покренување дисциплинска постапка против вработен во установата Претседател на дисциплинската комисија е непосредниот раководител на давателот на јавни услуги во културата, а членови се даватели на јавни услуги во културата од кои еден е претставник на синдикатот.

Понатаму по однос на наводите од пријавата дека лицето ----------, археолог кустос е претседател на синдикална организација на СКРМ, а во исто време е член на управниот одбор при НУ----------, не постои забрана во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси која се однесува на конкретната ситуација.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: В.Г Член на ДКСК